# ЗАКОН
# ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ДОМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ ГРУПИ

Службен весник на Р. Македонија бр.133/2009

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Советот на Европа со заем во износ од 25.350.000 евра, за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи.

## Член 2

Условите и начинот на користење на средствата од заемот од членот 1 на овој закон ќе бидат утврдени со Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Банката за развој при Советот на Европа.
Условите на користење на средствата на секоја транша поединечно ќе се утврдуваат со Дополнителните договори за заем, кои се составен дел од Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за домување на социјално ранливи групи.
Во име на Република Македонија, Рамковниот договор за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии.

## Член 3

Рокот на отплата на заемот од членот 1 на овој закон е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години.
Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши.
Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на Рамковниот договор за заем од членот 2 став 1 на овој закон и не треба да надмине 33% од вкупниот износ на заемот.
Повлекувањата на секоја следна транша ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

## Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на повлекувањето на средствата од заемот, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

## Член 5

Проектот за домување на социјално ранливи групи од Рамковниот договор за заем од членот 2 став 1 на овој закон ќе го реализира Министерството за транспорт и врски.

## Член 6

Република Македонија заемот ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.